*Арх.бр.2021/0204-113 од 24.08.2021*

# Информација за обработка на лични податоци

**1.ГЕНЕРАЛНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА КОНТРОЛОРОТ**

Назив: Друштвото за осигурување УНИКА ЛАЈФ АД (во натамошниот текст: Друштво)
Седиште: Бул.Илинден број 1,
контакт телефон: +389 2 32 22 800
Веб: http://www.uniqa.mk
Е-пошта: uniqalifeinfo@uniqa.mk

2.**ПОДАТОЦИ ЗА ОФИЦЕР ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ:**

Име и презиме: Аднан Емровски
Е-пошта: adnan.emrovski@uniqa.mk
Тел.број: +389 2 328-859

3. **ПРАВЕН ОСНОВ И ЦЕЛИ ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**

Друштвото ги утврдува целите и средствата за обработка на лични податоци и во таа смисла се смета за контролор во процесот на обработка на лични податоци.

Правните основи на обработка на податоци може да се поделат во следниве групи:

• Исполнување на договори за осигурување

Исполнувањето на обврските по договорот за осигурување бара обработка на вашите податоци како би се исполниле правата и обврските на договорните страни кои произлегуваат од тој договор и што опфаќа:
- проценка дали договорот за осигурување може да се измени и под кои услови
- решавање на побарувањето за штета
- одлучување за постоење на право на исплата на осигурената сума
- администрација на договори за осигурување
- остварување на нашите права според договорот за осигурување кој вклучува наплата на премии за осигурување и побарувања на регрес/суброгација
- обезбедување точност и навременост на вашите податоци

• Исполнување на нашите законски обврски

Ние ќе ги обработиме вашите податоци со цел да ги исполниме нашите законски обврски кои вклучуваат, но не се ограничени на:
- утврдување на вашите потреби и барања, пред склучување договор за осигурување,заради утврдување дали соодветниот продукт одговара на Вашите потреби
- алокација на ризикот преку реосигурување или соосигурување со цел да ги штитиме интересите на нашите клиенти и ги исполнуваме нашите обврски
- постапување по примено тужбено барање и барање за вонсудско решавање на спорови
- обврски пропишани со даночни регулативи(FATCA и CRS) согласно локалното и меѓународното законодавство.
-надворешни ревизии на работењето во согласност со прописите од областа на осигурувањето и ревизијата,
- исполнување на обврските во рамки на постапка на супервизија од страна на супервизорските органи ( Агенција за супервизија на осигурувањето),државни органи и инспекторати (Министерство за внатрешни работи, надлежни јавнообвинителски органи , УЈП и сл.), Националното Биро за осигурување и други органи во рамки на работите од нивната надлежност ( Агенција за заштита на лични податоци)
- други законски контролни, супервизорски и ревизиски постапки.

• Легитимни интереси

Обработката на вашите податоци врз основа на легитимните интереси на компанијата подлежи на посебни правила што ви овозможуваат во секое време да поднесете приговор на обработката на вашите лични податоци. Доколку се докаже основаност на Вашето барње истите нема да се обработуваат освен Доколку друштвото докаже дека постои релевантен легитимен интерес за нивната обработка кој превовладува над интересите,правата и слободите на субјектот на личните податоци за истото детално ке ве извести.
Имате право да поднесете приговор за обработка на личните податоци за конкретни ситуации.
Друштвото обработува лични податоци во одредени случаи и според категоријата на лицата врз основа на следниве легитимни интереси:
- спречување и откривање на измама во осигурување и измама и проневера генерално;
- постапување, реализација или одбрана на поставени побарувања, без оглед на тоа дали се работи за судска, управна или друга со закон регулирана постапка или каква било вонсудска постапка ;
- директно рекламирање (маркетинг) кое вклучува профилирање и вклучува промоција на производите што ги нуди компанијата на пазарот кон договорната страна за време на траењето на договорниот однос;
Доколку ја повлечете Ваша согласност за маркетиншки цели,Вашите лични податоци нема да се користат за оваа намена.
- испитување на вашето задоволство од дадената услуга;
- сегментација на клиенти што вклучува профилирање на препознавање клиенти дополнителни придобивки кои не влијаат на заклучокот или исполнување на договори за осигурување;
-заради склучување, обработка и размена на лични податоци за потреби на реосигурување
-заради заштита и осигурување на имотот и нашите вработени од закани и насилство и во слични случаи кога без обработка на лични податоци на поединци не би можеле да ги осигуриме

и спроведеме сопствените легитимни интереси и права што ги уживаме според законите,

-за вршење актуарски пресметки и порамнувања и контрола на исплатата на провизиите на застапници за осигурување

-обезбедување на функционирањето на информатичките системи, безбедност на мрежата и информациите (спречување на настани, незаконски или злонамерни дела што ја загрозуваат достапноста, автентичноста, интегритетот и доверливоста на зачуваните или пренесените лични податоци и безбедноста на сродните ИТ услуги), спречување на неовластен пристап до информатичките системите на компанијата за осигурување и реагирање на компјутерски безбедносни закани и инциденти,

-организирање на видео надзор заради обезбедување на безбедност на вработените и заштита на имотот на Друштвото

• Легитимен интерес на трети страни

Обработката на вашите податоци ќе се изврши заради спречување на измама во осигурување и измама и проневера воопшто, и врз основа на легитимните интереси на другите осигурителни компании со кои разменуваме за оваа намена податоци

• Ваша согласност

Вашата изречна согласност ќе ја искористиме како правен основ за обработка на вашите податоци заради цели на реклама (маркетинг),испитување на вашето задоволство од нашата услуга, постапка за сегментација на клиентите што вклучува Ваше профилирање, по истекот на договор за осигурување.

Вашата изречна согласност , може да ја повлечете во било кој момент

Вашето отповикување важи за во иднина и не влијае на обработката што била извршена пред вашето отповикување.

Обезбедување на лични податоци заради превземање на активности на Ваше барање пред склучување договорот за осигурување, исполнување на обврски по договорот за осигурување, при постоење на легитимен интерес заради спречување и откривање на измама,заради исполнување на нашите законски обврски, е наша законска и договорна обврска и е услов неопходен за склучување на договорот или исполнување на права и обврски од тој договор за осигурување.**Доколку не ни ги овозможите личните податоци ние нема да бидеме во можност да ја исполниме нашата законска или договорна обврска односно нема да може да ви дадеме понуда за осигурување и да го склучиме договорот за осигурување.**

Обезбедување лични податоци засновани врз правниот основ на легитимен интерес заради директно рекламирање (маркетинг), испитување на вашето задоволство од нашата услуга, постапка за сегментација на клиентите и вашата посебна согласност во врска со рекламирањето (маркетинг) не е законска или договорна обврска и услов неопходен за склучување или исполнување на договор за осигуурвање. Доколку одбиете да дадете согласност заради овие наведени цели, тоа нема да има влијание на постапката за склучување или исполнување на права или обврски по основ на договорот за осигурување.

Имате право да поднесете приговор за обработка на личните податоци за конкретни ситуации.

Имате право да поднесете приговор за обработка на личните податоци за директен маркетинг и ние ке ја запреме понатамошната обработка на вашите лични податоци за таа цел.

Во случај на снимање телефонски повик, изречно ве предупредуваме на тоа, пред снимањето на телефонскиот разговор. Снимката ја чуваме за да можеме со неа да ја докажеме Вашата согласност.

Во секое време можете делумно или целосно да ја отповикате Вашата согласност.

## ВИДОВИ НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ КОИ ДРУШТВОТО ГИ ОБРАБОТУВА И НАЧИН НА НИВНО ПРИБИРАЊЕ

Личните податоци што ги собираме зависат од целта на обработката и видот на договорот за осигурување што го склучувате и/или имате намера да го склучите или по основ на поднесено барање за остварување на права од договорот за осигурување.

Првенствено, ова се податоци без кои не можеме да склучиме или исполниме обврска по основ на договор за осигурување и вклучува најмалку:

- информација која се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува - директно или индиректно а особено врз основа на идентификатор како што се име и презиме, матичен број на граѓанинот,податоци за локација,идентификатор преку интернет,

- лични податоци потребни за проценка на ризик (образование и работно искуство,работно место и податоци поврзани со работното место, податоци за отсуство од работно место, здравствени податоци, финансиски податоци и податоци за социјален статус и начин на живот, податоци за остварени приходи и приход, податоци за планирани патувања и патни трошоци,семејни податоци,лиценци ,сертификати)

- податоци за предметот на осигурување (идентификациски броеви, својства, локација)

- податоци за штетниот настан (околности на осигурениот случај)

- податоци потребни за спроведување на дејствија во согласност со нашите законски обврски (анализа на клиентите, сметководствени и даночни известувања и сл,трансакциски сметки)

Ние собираме лични податоци преку дефинирани функционалности на нашиот информациски систем, на начин опишан од процесите на Друштвото и користење на деловна документација (обрасци, апликации и сл.) Во зависност од целта на обработката и видот на договорот за осигурување, прибавувањето на личните податоци може да се изврши:

-директно од вас или вашите адвокати/полномошници/старатели/законски застапници, осигурително брокерски друштва, друштва за застапување во осигурување, застапници во осигурување како лиценцирани агенти или наши вработени, лизинг копании, банки,кредитни бироа и други деловни субејкти со кои имате склучен кредитен,деловен или работен однос.

- со увид на вашите документи за идентификација или вашата документација и документи или документација на предметот на осигурување

- со задржување на копија од вашите документи за идентификација или вашата документација и документи или документација на предметот на осигурување согласно законските обврски или прибавените согласности и согласно нашите интерни правила и процедури.

Друштвото основно ги прибавува личните податоци дирекно од Вас , во постапката за изготвување на понуда за осигурување, склучување на договор за осигурување,заради исполнување на нашите обврски по договорот за осигурување преку соодветни обрасци, пријави и формулари,преку телефон,барања во слободна форма или преку средствата за електронска комуникација и сл.

Вашите лични податоци можеме да ги добиеме и преку јавно достапни извори ,од трети лица кои се наши партнери,застапници во осигурување,државни органи и тела,други осигурителни друштва и здруженија ,адвокати, судски органи , државни или јавни фондови, посредници во различни организациски форми, даватели на услуги за маркетинг, печатници, даватели на индивидуални ИТ услуги, банки и лизинг компании со кои имате склучен кредитен или друг деловен однос ,работни организации со кои имате засновано работен однос.

## НА КОГО ВАШИТЕ ЛИЧНИ ИНФОРМАЦИИ МОЖЕ ДА БИДАТ ОТКРИЕНИ (корисници и категории на корисни на лични податоци)

Вашите податоци ќе бидат обработени исклучиво за целите наведени во овој документ. За да се постигнат овие цели, вашите информации по потреба ќе ги откриеме на следниве категории на приматели:

- државни органи и органи со јавни овластувања
- во рамки на Групацијата
-Националното биро за осигурување
- осигурително брокерски друштва и друштва за застапување во осигурување,застапници во осигурување
- друштва за осигурување и реосигурување
- компании за наплата на долгови и финансиски институции
- здравствени установи и лекари
- експерти (адвокати, детективи, вештаци, цензори,лиценцирани проценители,маркетинг и други експерти)
- даватели на ИТ услуги, услуги за печатење и испорака
-коресподенски партнери по основ на склучени договори за коресподенција иасистемција за исплата и посредување при обработка и исплата на оштетни побарувања
- друштва кои се занимаваат со асистенција и посредување при оштетни побарувања доколку Вие сте ја ангажирале

Преносот на вашите лични податоци до примателите се врши со соодветно мерки за доверливост и примателите на податоците кои се обработувачи на лични податоци истите ги обработуваат исклучиво според нашите упатства,законските обврски и во согласност со договорот што го имаме со нив

Уника Лајф А.Д. ке ги извести корисниците за секое Ваше барање за исправка, бришење или ограничување на обработка освен ако тое е невозможно или бара сразмерно големи напори и на Ваше барање ке ве известиме за корисниците.

## КАДЕ ЌЕ СЕ ОБРАБОТУВААТ ВАШИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Вашите податоци ќе се обработуваат во Република Северна Македонија.

Во случај да е неопходен пренос на личните податоци во трети земји или меѓународни организации, ние пред преносот внимателно ќе провериме дали има соодветна правна основа за таков пренос и заштитни мерки (постоење на одлука за сообразност, постоење на обврзувачки деловни правила, примена на т.н. стандардни договорни клаузули, одобрени механизми за сертифицирање (на пр. Штит на приватноста помеѓу Европската унија и САД), користејќи таканаречени стандардни договорни клаузули).

Преноснаподатоцивотретидржави,односнонадвородЕвропската унијасевршивосогласностсоусловитеутврденисоодредбитена Законотзазаштитаналичнитеподатоци.Соогледнагоренаведеното, пренос може да се случи во согласност Кодифицираната директива 2009/103 / ЕЗ за осигурување на автомобилска одговорноста, која ги утврдува обврските на осигурителните компании во врска со осигурување на автомобилска одговорност и разгледувањето на отштетни барања во системот на зелен картон. Податоците во овие постапки се испраќаат по препорачана пошта или по e-mailобезбедени со криптирање TLS/SSL.

## КОЛКУ ДА ГИ ЧУВАМЕ ВАШИТЕ ЛИЧНИ ИНФОРМАЦИИ

Компанијата ке ги чува Вашите лични податоци во форма што овозможува ваша идентификација во роковите утврдени со целта на обработката, прописите што ги дефинираат периодите за задржување на податоци и застареност на одредени побарувања видови на договор или за отштета.

Вашите лични податоци во врска со склучениот договор за осигурување ги чуваме:

-10 години по истекот на договорот за осигурување,

-во случај на настанување на штета, 10 години по затварање на случајот,

-во случај на судска постапка за наплата на неплатени обврски што произлегуваат од договори за осигурување, 10 години по завршувањето на судската постапка,

-податоците во врска со осигурен случај и за проценка на осигурителното покритие и износот на надомест на штета, односно надомест за осигурување се чуваат 10 години по завршувањето на обработката на осигурениот случај.

-во случај на обработка на вашите податоци врз основа на посебни законски обврски на кои се предвидени за Друштвото обврските на компанијата се до истекот на посебните законски рокови за нивно чување.

Осигурителната компанија ги чува вашите лични податоци, кои ги обработува врз основа на ваша согласност, сè до отповикување на согласноста од Ваша страна. Истото важи и за обработка на овие податоци на кои, со Ваша согласност, им биле доставени личните податоци за истата цел на обработка. Другите лични податоци добиени во рамките на склучувањеили спроведување на договор за осигурување или врз основа на закон, компанијата за осигурување ги чува до истекот на законскиот период за чување.

## КОИ ПРАВА ИМАТЕ ВО ОДНОС СО ВАШИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Во пропишаните случаи, во врска со вашите податоци, можете да ги остварите следните
права:
- право на информација дали вашите податоци се обработуваат и ако се обработуваат информација за начинот на кој истите се обработуваат,право на пристап до Вашите лични податоци,право на копија од личните податоци, право на информација за целите на нивната обработка, видовите на податоци, корисниците на овие податоци или нивните категории,предвидениот рок за лување на личните податоци и доколку е возможно критериумите што се користат за одерување на тој период и сл
- право на бришење податоци-,,да се биде заборавен,, (бришење не може да се бара за податоци кои се чуваат или обработуваат врз основа на закон, а во некои случаи бришењето на податоците ке може да значи и раскинување на договорниот однос до Друштвото).
Уника Лајф А.Д. Скопје ке ги извести другите контролори кои ги обработуваат вашите лични податоци дека сте побарале бришење на сите линкови или копии или репородукции на личните податоциземјајки ја предвид достапната технологија и трошоците за спроведување.
- право на корекција/исправка и ажурурање на податоците,право на дополна на нецелосни лични податоци со давање на доплолнителна изјава
- право на ограничување на обработката ако, на пр. ја оспорувате точноста на податоците или правна основа за обработка,целите на обработка додека податоците не се корегираат или утврди законски основа за нивната обработка.
- право на приговор во случај на обработка извршена врз основа на наш сопствен легитимни интереси и легитимни интереси на трети лица или на јавна интерес.
- право на преносливост на податоците (доколку е применливо),пренос на Вашите лични податоци (во случај податоците да се обработуваат врз основа на согласност или склучени со заеднички договор и со автоматизирани средства, лични податоци што се однесуваат на вас од друго лице или барате да бидат предадени на друг контролор )Правото на преносливост не смее да влија негативно врз првата и слободите на другите физички лица
-право да добиете пристап до информацијата од каде и на каков начин се прибавени личните податоци кои истите не се прибавени директно од вас
- право да не бидете предмет на одлука заснована единствено на автоматизирана обработка, вклучително и профилирање, што произведува легално ефекти што влијаат врз вас или слично значително влијаат врз вас (ако е применливо). Поништување на одлука заснована исклучиво на автоматизирана обработка, која вклучува профилирање и има правни или слични значајни ефекти врз Вас , а во исто време оваа одлука не е неопходна за склучување или реализација на договорот, односно не е дозволена во регулативата на Република Северна Македонија или не се заснова на Вашата експлицитна претходна согласност
-право да ја повлечете согласноста за обработка на лични податоци за конкретни цели

Вашето отповикување важи за во иднина и не влијае на обработката што била извршена пред вашето отповикување.
Можете да ги остварите вашите права со испраќање на писмено барање до е-пошта
uniqalifeinfo@uniqa.mk или на адреса на Друштвото,Бул.Илинден број 1 или со достава на барање во било кое продажно место на Друштвото.
Кога имаме легитимни сомневања во врска со идентитетот на лицето кое поднесува барање за остварување на некое од неговите права, можеме да побараме од него да обезбеди дополнителни информации потребни за да се потврди идентитетот на лицето, на кое се однесуваат податоците од барањето.
Доколку барањата на лицето на кое се однесуваат личните податоци се очигледно неосновани или претерани, особено ако се повторуваат, Друштвото :
-наплатува разумен надоместок, земајќи ги предвид административните трошоци за доставување на информации или известувања или спроведување на потребната мерка;
или одбива да постапи по барањето.
Ако побарате копија од личните податоци кои се обработуваат по електронски пат и ние ке ви одговориме на вообичаен начин кој се користи во случај на електронска форма освен доколку не побарате поинаку.Правото да добиете копија на личните податоци не смее да влијае негативно врз правата и слободите на другите лица.

## НАДЛЕЖЕН ОРГАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА НАДЗОР ВО НАЧИНОТ НА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Контролата врз законитоста на обработувањето и заштитата на личните податоци, воопшто, во Република Северна Македонија ја спроведуваАгенцијатазазаштитаналичнитеподатоци.
Агенцијата може да ја контактирате доколку сметате дека Друштво не ги почитува законските обврски за постапување и обработка на Вашите лични податоци.
Агенцијата може да ја контактирте на следниот линк
https://dzlp.mk/ или на адресата
бул.„Гоце Делчев“бр. 18, (зградата на Македонска радио телевизија МРТВ - кат 14)
Поштенски фах 417 1000 Скопје

Телефон за контакт:

++ 389 (2)3230 635

факс:

++ 389 (2) 3230 635

**Е-маил:**

**info@privacy.mk**

## АВТОМАТСКА ОБРАБОТКА И ПРОФИЛИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИ

Вашите лични податоци ќе бидат профилирани во следниве случаи:
- директна промоција(маркетинг)
- испитување на задоволство од услугите
- сегментација на клиентите.

Автоматска обработка и профилирање што произведува правни ефекти со цел склучување договори за осигурување ќе се користи во случај на:

- да утврдиме дали припаѓате на целниот пазар.

- пресметка на премија за осигурување во однос на претходните штети

Ако сте имале штета во претходниот период на осигурување, и доколку истото влијае на идната цена на следниот осигурителен продукт,односно влијае на тоа цената да биде зголемена или намалена

- пресметка на премијата за осигурување во однос на здравствената состојба на осигуреникот.

- продажба преку интеренет

Податоците внесени на порталот на онлајн продавницата и вашите избори ќе бидат автоматски обработени и ќе влијаат на конечниот договор за осигурување што го склучувате.

Ова може да се однесува на предметот на осигурување (на пр. Област-осигурување на недвижен имот) или ваш избор на пакет за осигурување, (на пример, избор на пакет што вклучува повеќе покриеност).

Во овие случаи, ние обезбедуваме право на човечка интервенција, право изразување на сопствената позиција и право на оспорување на одлуката.

Во случај на обработка на податоци со автоматски средства што имаат правни ефекти врз Вас или на сличен начин значително влијаат врз Вас, имате право да побарате одлуката што се заснова само на автоматизирана обработка да не важи за Вас, со испраќање на барање до uniqalifeinfo@uniqa.mk во овој случај, ќе се осигураме дека автоматизираната одлука повторно ќе биде преиспитана од надлежно лице во Друштвото.

## Ажурирање на овие информации

Ние редовно ги прегледуваме и проверуваме информациите за обработка на податоци дали тие го одразуваат начинот на кој Друштвото ги обработува личните податоци. Доколку сте наш осигуреник,Вe повикуваме тековно да не известувате за промените на Вашите лични податоци. Ние ќе се настојуваме да ги ажурираме Вашите податоци, во најбрз можен рок откако ќе го добиеме известувањето

Истовремено, Ве известуваме дека при склучување на осигурувањето или подоцна, можете да дадете Ваша согласност за комплетноста, точноста и ажурирањето на Вашите лични податоци.

Што добивате со дадената согласност? Може да има грешки во запишувањето на личните податоци, на пример погрешно да се запише личното име, датумот на раѓање, ЕМБГ итн. Со Ваша согласност, можеме да обезбедиме дека за Вас ќе водиме точни и ажурирани податоци, бидејќи во случај на сомневање ќе можеме да ја провериме нивната точност и сами да ги добиеме од официјалните евиденции и јавните регистри.

## КАКО ГИ ДОБИВАМЕ ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Личните податоци ги добиваме од Вас.

При извршување на нашите услуги, ние исто така може да користиме лични и други податоци добиени од следниве извори во согласност со прописите:

-од базите на податоци на државните органи,
-од базите на податоци на даватели на здравствена заштита и сродни услуги -Фондот за здравствено осигурување,
-од базите на податоци на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и министерството за труд и социјална политика
-од базите на податоци на министерството надлежно за транспорт, министерството за внатрешни работи и организациите што вршат одобрување и регистрација на тип на возило,
-други бази на податоци на индивидуални осигурителни компании и Националното Биро за осигурување

- во процесот на решавање спорни случаи на осигурување,државни органи, органи на локални заедници,установи со јавни овластувања, јавни фондови и други лица според јавното право, како и носители на јавни овластувања и даватели на јавни услуги, врз основа на писмено барање и во врска со базите на лични податоци што се водат од нивна страна,
-од други лица кои знаат нешто за осигурениот настан (на пр. сторители на штета, оштетени лица, сведоци),

-јавно достапни податоци и / или бази на податоци базирани на јавно објавени податоци

- од други лица со ваша согласност.

Кога Уника Лајф А.Д. Скопје не ги добива податоците директно од Вас ,во договорите кои се склучени а каде вие се јавувате како осигуреник или корисник на правата од осигурување или поднесувате барање за оштета или друго барање преку трети лица,ние Ве упатуваме на оваа Информација

Уника Лајф А.Д. Скопје го здржува правото да ја ажурура оваа Информаиција и истото ќе го објавува на својата веб страна.www.uniqa.mk

При секое ажурирање на оваа Информација и нејзината објава се смета дека субјектите на лични податоци се известени за промените .

Секој субјект на лични податоци е должен да ја прочита оваа Информација и да се грижи за заштита на своите лични податоци .